KNOWLEDGE – International Journal
Vol. 23.6
Budva, Montenegro, May, 2018

# FUNCIONS OF THE POPULISAM IN POLITICS

**Boban Stojkoski**
University " St. Kliment Ohridski " – Bitola, Faculty of Law – Kicevo, boban.stojkoski@hotmail.com

**Abstract:** Population in meeting political or other goals of political parties, groupings, social movements, etc. is one of the most favorite tools of the representatives of these groups. Today, as before, with that difference, it seems that today as never before, populism is used to convey the various messages from political parties. Campaigns, regular exits, slogans, messages and all other ways that modern political subjects and their leaders are trying to get in touch with the people and convey their message are themselves populist. Although, as will be noted in the further course of this paper, populism does not always have to be understood as a negative phenomenon whose influence undermines the democratic capacity of a country. This paper aims to present and analyze the basic functions of populism, which are an integral part of almost every political subject in every country. Additionally, I will try to explain the link between populism with some social and political phenomena that happened and happen at this moment in the world and in Europe. The representation of those links seems to play a significant role if we want to find out why processes are going in the way that flows instantaneously and how much the use of populism has helped during the events. One of the goals of this paper will also address the way and methods used by political parties to get a certain audition and to be able to establish some kind of control. Also, here we will also keep specific situations and examples of countries through their analysis to bring the demystification of the populist apparatus closer, why populism is so favored, what is its real power over the population, which are in general its functions and in what way the same is misused by political subjects and other social groups. Among other things, due to the extensiveness of this phenomenon and the need to analyze it from various aspects, this paper will concentrate solely on populism and its application to political goals.

# ФУНКЦИИТЕ НА ПОПУЛИЗМОТ ВО ПОЛИТИКАТА

**Бобан Стојкоски**
Универзитет " Св. Климент Охридски" – Битола, Правен факултет – Кичево,
boban.stojkoski@hotmail.com

**Апстракт**: Популизмот во исполнувањето на политички или други цели на политички партии, групации, општествени движења и слично е една од најомилените алатки на претставниците на наведените групации. Денес како и порано со таа разлика што се чини дека денес како никогаш предходно популизмот е користен за пренесување на различните пораки од политичките партии. Кампањите, редовните излегувања, слогани, пораки и сите останати начини со кои современите политички субјекти и нивните лидери се обидуваат да стапат во контакт со народот и да ја пренесат својата порака се сами по себе популистички. Иако, како што ќе забележиме во понатамошниот тек на овој труд, популизмот не мора секогаш да се сфати како негативна појава со чие влијание се подкопува демократскиот капацитет на една земја. Овој труд има за цел да ги претстави и анализира основните фунции на популизмот кои се интегрален дел во речиси во секој политички субјект во секоја држава. Дополнително, ќе се обидам да ги објаснам и врската меѓу популизмот со некои општествено – политички појави кои се случиле и се случуваат во овој момент во светот и Европа. Претставувањето на тие врски се чини дека игра значајна улога ако сакаме да дознаеме зошто процесите течат така како што течат моментално и колку користењето на популизмот подпомогнало во текот на настаните. Една од целите на овој труд исто така, ќе се однесува и на начинот и методите со кои се слушат политичките партии за да добијат одредена аудиција и за да можат да воспостават некаква контрола. Исто така, тука ќе се задржиме и за конкретни ситуации и примери на земји за преку нивната анализа да ја доближиме демистификацијата на популистичкиот апарат, зошто популизмот е толку омилен, која е неговата реална моќ врз населението, кои се воопшто неговите фунции и на кој начин истиот се (зло)употребува од страна на политичките субјекти и други општествени групи. Меѓу другото, поради обемноста на оваа појава и потребата истата да се анализира од различни аспекти, овој труд ќе се концетрира само на популизмот и неговата примена за политичките цели.

## ВОВЕД

Популизмот претставува составниот дел од секое општествено – политичко движење. Како што знаеме, за популистите фундаменталниот зафат при пропагирање определана идеја или цел е секогаш дека стојат зад народот, обичниот човек и дека се против секаков естаблишмент за кои сметаат дека е отуѓен од обичниот човек, дека ги прегазува интересите на народот и дека е нефунционален. Постојано се

повикува на изразот на војлата на народот и дека токму опцијата која го користи популизмот е најблиска до граѓаните. Веројатно најинтересен е фактот што политичките партии, оние организирани групи кои делат една иста идеја, идеологии кои дијаментрално се спротиставуваат една на друга, немаат проблем односно, речиси и да нема политички субјект кои не се користи со популистички идеи во борбата за гласови ( посебно во предизборниот период.[24] Така, без разлика дали една политичка апртија припаѓа на лево, десно или цетралистичкото крило, во најголемиот дел на нивните кампањи и потоа кај истите се забележува поголема или помала доза на популизам. Иако, одредени автори од оваа област сепак аудираат на фактот дека се повеќе десно и екстремно десно ориентирани политички партии и движеења го употребуваат некотролирано популизмот со цел да придобијат што е можно поголемо влијание. Истото може да се забележи и во случувањата денес и во минатото на европскиот континент во повеќе земји, а од оваа појава не се иземен и остатокот од светот. Внаминието на популизмот и обидиите за класифицирањето ан неговата улога во одредени процеси расте во оној момент кога таквиите групации и движења наидуваат на симпатија кај народот и гласачите, а со тоа и реална политичка моќ која можат да ја употребат за исполнувањето на нивните цели. Скоро секој стручен текст почнува од проценката дека се работи за доста контроверзна појава и појава која е општоприсутна но, тешко може да се дефинира.[25] Доколку се анализираат белешките на сите докажани општествени мислители кои во светски рамки голем дел од својот работен век го посветиле на анализата на популизмот како појава ќе сфатиме зошто толку многу е тешко да се најде соодветна дефиниција. Имено, популизмот во себе може да содржи многу компоненти кои како целина и по методолошки пат не може да бидат дефинирани. Некои автори туку најмногу даваат значење на идеолошкиот аспект на популизмот. Од друга страна пак има повеќе аргументи кои говорат против овие сознанија и сакаат да постигнат јасна дистикција помеѓу тоа што е идеолошка определба а што популизам во неговата најчиста форма. Сепак, поаѓајќи од тоа се чини дека најточни се аргументите на оние автори кои популизмот не го признаваат како идеологија но, јасно укажуваат на идеолошката матрица на истиот – која ќе ја забелешиме во понатамошниот дел од трудот кога посебно ќе го анализираме неговото влијание врз политичкиот живот. Така, популизмот може да се дефинира како појава со определа дискутабилна идеолошка матрица која се фокусира на дистикцијата меѓу “ добриот и чесен “ народ на една страна и “ лошата и корумпирана “ политичка елита на другата страна.[26] Ваквото дефинирање на популизмот како појава се чини најблиску до она што е потребно за да можеме подетално да го анализираме неговото влијание како и фукцијата која ја врши во определен период во општеството. Ако се земе пред вид оваа дефиниција која се смета за една од најприфатените се доаѓа до заклучок дека популизмот претставува водење кампања против политичките елите кои биле или се на чело на државите. Популизмот таа негативна кампања против политичките елите ја оправдува со потребата на анродот и дека народот е пред се`.

**ФУНКЦИИТЕ НА ПОПУЛИЗМОТ ВО ПОЛИТИКАТА**

По дефинирањето на појавата на популизмот и неговото разграничување дали е или не е идеологија доаѓаме до делот кој се однесува на функциите кои оваа појава ги има во политиката. Најпрво, лидерите на популистички движења секогаш се претставуваат дека се на страна на народот, дека се “избрани” од народот за да го видат во борбата против естаблишментот. Вакви и слични пароли се секојдневие кај оние субјекти кои се користат со чист популизам. Со ваквите изјави јасно му се сервира на граѓанинот дека власта на естаблишментот не води грижа за тоа што навистина му е потребно на народот и дека истта не е никаков претставник на народот туку истата ги претставува интересите на мала група на луѓе кои имаат цел како поголем профит или поголема моќ. Со други зборови популистичките лидери отворено го насочуваат народот да не ја признава моќта и да се спротистави на власта, која иако била избрана на демократски избори и веже го има суверенитетот на народот, според популистите не заслужува да и се додели улогата да води определена држава. Сепак, факт е дека кон крајот на минатиот и почетокот на овој век низ Европа и САД се појавија популистички лидери кои не доаѓаа дирекно од народот. Истите сепак не беа дел од политички групации или слично но, беа познати личности од економскиот и културниот живот на државите во кои истите живееа. Ваквите поединци и само прогласени лидери на народот преку популизмот успеаа да добијат слух и ова е токму една од фунциите на популизмот. Преку двосмислени, емотивни и силни слогани и прпагандни говори да добијат *слух* од обичниот граѓанин. Нивната мрежа успеваат да ја фирмираат токму на овој начин. Кон крајот на

---

[24] Daron Acemoglu ,Georgy Egorov ,Konstantin Sonin, *A POLITICAL THEORY OF POPULISM,* August – 2010, pp. 2. http://www.dklevine.com/archive/refs4661465000000001179.pdf (Online Available February 2018)

[25] Dr. Zoran Lutovic`, *POPULIZAM,* INSTITUT DRUŠTVENIH NAUKA - Centar za politikološka istraživanja i javno mnjenje, BEOGRAD – 2017 godina, pp. 14.

[26] **Idem**, pp. 15.

минатиот век аудиториум на овие популистички говорници во главно беа постари луѓе, народот кои потекнува од руралните средини на определена држава, луѓе со ниско ниво на едукација и оние ранливи категории кои најлесно може да бидат таргет на таквата пропаганда. Но, почетокот на овој век гледаме и една поинаква слика. Се повеќе познати чиности, академски граѓани, млади и слично се вклучуваат кон овие популистички мрежи, но за ова во понатамошниот тек на овој текст каде ќе следат и конкретните примери.Друга фунција на популозмот е да понуди *алтернатива* која според популистичките лидери е далеку пдообра и идеална од она што естаблишментот на власт го прави. Веројатно токму оној вид на популизам – романтичарскиот популизам кој се јавува на почетокот на овој век го има најголемото влијание на популизмот, онаков каков што го знаеме денес. Имено, овде како фунција се јавуваат повеќе компоненти кои буквално го разнишуваат идеолошкиот спектар на политичките партии и произведуваат – нахрануваат други негативни појави (пр. национализмот). Така, овој вид на популизам најдобро се имплементираше во земјите со поранешно комунистичко уредување. Тие држави кои на почетокот се соочува со големиекономски и социјални проблеми најдобро нудеа плодна почна за популизмот. Така првично настануваа и белезите на популизмот како внатрешното обединување – обединување на народот против естаблишментот, творење на единствен etnos – зачувувањето на анцијата, националноста ( ова од друга страна пак значително го подхранува национализмот), измолационизмот – противење на воспоставување добри односи со други држави. Во овој дел на белезите спаѓаат: релизиозната нетрпеливост, сеењето на омраза и страв од други етнички групи, стереотипите и предрасудите, неприфаќањето на разиките, различни социјални конфликти и слично.[27] Ваквата популистичка реторика скоро во секој случај остава зад себе длабински траги врз општественото живеење, поделено општество, агресивна реторика и конфликти. Токму поради популизмот како појава секогаш се смета за негативна и контрапродуктивна за нормален општествен развој. Од друга страна, денес во Европа имаме еден нов бран на поинаков популизам кој најмногу го користат лидерите на екстремната десница. Ваквите политички движења може да се најдат во најголемиот дел од членките на Европската унија.[28] Посебно ако се земе пред вид фактот дека Европа се соочуваше со една од најголемите бегалски кризи во историјата на светот како и останати внатрешни проблеми, посебно по планот на ЕУ како бегалците да бидат распоредени на територијата на Европа. Ваквиот тек на настаните произведе популистички партии и движења со популистички пароли кои се фокусираа на оној дел од народот кој чуствуваше страв од имиграцијата. Во минатото Европа исто така се имаше запознаено со доста моќни популистички лидери кои токму преку популизмот успеваа да добијат можни позиции. Друга интересна фунција на популизмот која могумина популисти ја практикуваат е давањето на едноставни решенија за комплицирани проблеми. Се разбира, комплицирани полиња кои бараат долготрајна анализа, неортодоксен подфат и решенија кои можат да бидат видлива само на долг рок не се омилени кај народот пред непосредно пред одржување на избори во било која држава.Популистите се обидуваат токму на ова поле да добијат на политички поени и се чини дека нивниот план фунционира. Имено, за комплицирани проблеми од полето на финансии, инфраструктура, надворешна политика, стопанство и слично, популистите се засфрлаат со навидум едноставни решенија кои според нив би биле ефикасни и со веднаш видливи резултати. Дополнително, во профилот на популистите може да се забелеши и склоност да пречекоруваат некои неформални црвени линиии, луксуз што останатите политичари не можат да си го дозволат. Ваквиот пристап кон проблемите дополнително им овозможува некаква флексибилност на популистите, а ги неутрализира позициите на останатите политички партиципиенти.

**ПОПУЛИЗМОТ И ЕВРОПА**

Кон крајот на минатиот и почетокот на овој век низ неколку земји во Европа беше забележат напливот на популистички лидери лои на почетокот беше оценет како безопасен за набрго потоа да стане сериозен проблем за нормалното фунционирање на државата. Посебен проблем станува тоа кога лидерот на некое популистичко движење навистина верува во голиот популизам кој го проповеда. Се смета себе си избран од народот, за народот. Со брзи и едноставни решенија ветува подобрување на позицијата на народот и неутрализација на политичкиот естаблишмент. Во овој дел на трудот ќе претставиме неколку случаеви. Популистичките лидери веднаш морализираат и се многу дирекни. “ Елитата го лаже народот, елитата е корумпирана”[29]. Ваквите пароли се понекогаш добитна коммбинација и нешто што многу му се допаѓа

[27] **Idem,** Cedomir Cupic, Milica Jokovic, POPULIZAM I OGOLJENI PRAGMATIZAM, Univerzitet u Beogradu - Fakultet politi;kih nauka, pp.34

[28] *FAR-RIGHT NATIONALISM AND POPULISM IN EUROPE: ASSAULTS ON PRESS FREEDOM*, Media Governance and Industries Research Lab, University of Vienna – Vienna – May 2017, pp. 10. http://safejournalists.net/wp-content/uploads/2017/05/JournoRWassaults_Final.pdf ( Online Available 2018)

[29] Jan-Werner Müller PhD, *WHAT IS POPULISM? ,*University of Pennsylvania Press - Philadelphia, 2016, pp. 245.

на народот. Примерот од Италија е доказ за тоа. Имено, во Италија на политичката сцена се појавува бизнисменот Силвио Берлускони токму во периодот кога многу конзервативни политичари се соочуваат со судски процеси за корумпција, проневера на државни сретства и друг криминал. Во вакви околности најлесно е народот да биде хранет со популизам. Државата е корумпирана, неефикасна, бирократска. Во примерот со Италија се појавува бизнисмен кој вели дека државата треба да се води исто како претпријатие, да ги тргне рацете од регулацијата на бизнисот и останати навидум лесни решенија.[30] Популизмот на С. Берлускони му донесе четири мандати како премиер на Италија. За време на неговото владеење Италија трпеше силни меѓународни критики кои се однесуваа на мешањето на извршната власт во судската, слободата на говорот, медиумите и слично. Зад себе не остави ниту еден позначаен проект што може да биде од корист за народот. Друг пример е оној со Франција. Во определн период на 80-тите години на минатиот век во Франција се почуствува бран на мигранти од поранешените француски колонии. Жан – Мари Ле Пен го искористи тоа и ја формирале популистичката и крајно десничарска политичка партија Националниот фронт. Овој популистички лидер почнуваше со силни слогани против имигрантите, а интересно е тоа што подршка добиваше од секој слој на народот. Во едне период Франција имаше повеже од еден милион невработени работноспособни граѓани од друга страна, се спомнуваа и бројки од еден лимион имигранти. Ваквата ситуација ја искористи Ле Пен и со изввртени факти ја водеше секоја кампања. Неговата партија, Национален фронт беше водена само од него лично, не дозволувал внатрешна конкуренција ниту туѓи мислења. Ова е типично за популистичка партија. Популистите се длабоки антиплуралисти ова се однесува и на фунционирањето на нивните партии кои носат и чекаат одлуки само од еден човек. Неодамна за време на претседателските избори во Франција се покажа точно колкаво влијание има популизмот во политиката кога Марин Ле Пен од Националниот фрон влезе во вториот круг со доста голем број на гласови иако не победи на изборите стана јасно дека француското општество е длабоко поделено, нешто што го прави популизмот, разделува, шири страв и предизвикува конфликти.

**ЗАКЛУЧОК**

Станува јасно дека суштината на популизмот е да се повикува на потребите на народот и да дава едноставни решенија на комплицирани проблеми. Самото тоа предизвикува голем интерес кај секој граѓанин без разлика на класата на која и припаѓа. Популистите го бараат вниманието на медиумите со различни агресивни слогани да моѓат да влијаат на народот. Свесно и намерно го делат народот, на оној дел кој ги подршува и сите други. Токму оваа фунција на популизмот во политиката го предизвикува најголемиот конфликат во општеството. Тогаш кога популистичките лидери же се најдат во проблематични ситуации се повикуваат на народот и веднаш влегуваат во улогата на жртви на системот. За наприлот на популизам делумно се виновни и така наречените нормлани партии. Тие политички субјекти заборааат да се фокусираат директно на големи и централни проблеми, а тука леши и силата на популистите кои без разлика на се решаваат да ги отворат тие проблеми нудејќи било какви решенија.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**:

[1.] Daron Acemoglu ,Georgy Egorov ,Konstantin Sonin, *A POLITICAL THEORY OF POPULISM,* August – 2010, pp. 2. http://www.dklevine.com/archive/refs4661465000000001179.pdf (Online Available February 2018)
[2.] Dr. Zoran Lutovic`, *POPULIZAM*, INSTITUT DRUŠTVENIH NAUKA - Centar za politikološka istraživanja i javno mnjenje, BEOGRAD – 2017 godina.
[3.] *FAR-RIGHT NATIONALISM AND POPULISM IN EUROPE: ASSAULTS ON PRESS FREEDOM*, Media Governance and Industries Research Lab, University of Vienna – Vienna – May 2017, pp. 10. http://safejournalists.net/wp-content/uploads/2017/05/JournoRWassaults_Final.pdf ( Online Available 2018)
[4.] Jan-Werner Müller PhD, *WHAT IS POPULISM? ,*University of Pennsylvania Press - Philadelphia, 2016.
[5.] Walter Ötsch, Nina Horaczek *POPULISMUS FÜR ANFÄNGER Anleitung zur Volksverführung*, WESTEND – Wien, 2017.

[30] Walter Ötsch, Nina Horaczek *POPULISMUS FÜR ANFÄNGER Anleitung zur Volksverführung*, WESTEND – Wien, 2017 pp. 70 – 90.